Канадскиот премиер Харпер гостин на “Обединети Македонци” на “Гоцевата вечер”

Торонто, февруари 8, 2009

Традиционалната “Гоцева вечер” во организација на “Обединети Македонци”, оддржана во рамките на 50-годишнината од основањето на организацијата, се оддржа во сабота, 7 февруари, во Климентовата сала при МПЦ св. “Климент Охридски” во Торонто. Петстотината присутни беа почестени со присуството на канадскиот премиер Стивен Харпер. Премиерот Харпер е прв канадски премиер да присуствува на настан организиран од “Обединети Македонци” и прва посета на првата и најголема МПЦ во Канада.

Пред катедралата св. “Климент Охридски”, претседателот на Организацијата Обединети Македонци во Канада, Драги Стојковски, го пречека Премиерот. По разгледување на прекрасниот живопис, премиерот Харпер се потпиша во златната книга. Огромен излив на емоции го пречекаа премиерот кога влезе во салата. Секој сакаше да се поздрави со него, да му се заблагодари лично за признавањето и да се слика покрај него.

На прославата имаше и други гости од Канада како Министерот за државјанство, емиграција и мултикултура, Џејсон Кени, додека македонската страна беше претставена од двата пратеника Влатко Ѓорчев и Александар Николоски, како и Мартин Треневски, Генерален конзул на Република Македонија во Торонто.

Во својот говор, претседателот на Обединети Македонци, Драги Стојковски, зборуваше за важноста на Гоцевата вечер и за 50-годишнината на Организацијата.

Од името на сите канадски Македонци, како и од сите Македонци ширум светот, Стојковски се заблагодари на премиерот Харпер за признавањето на историското и уставно име на Македонија во 2007 година. Тој го охрабри премиерот да ги прошири трговските и културни врски со Република Македонија и да отвори канадска амбасада во Скопје.

Стојковски го пофали канадскиот милтикултуризам и ги охрабри македонските соседи, Грција и Бугарија, да научат лекција од Канада.

Пред да го најави премиерот, министерот Кени аборуваше за уделот кој канадските Македонци го дале за Канада.

Канадскиот премиер се заблагодари на 500-те присутни со македонскиот збор “благодарам”. Премиерот Харпер беше задоволен од топлиот пречек и изрази задоволство за добрите односи помеѓу Канада и Република Македонија.

Македонскиот премиер Груевски испрати поздрав до прославата, кој беше прочитан од Стојковски. Во поздравот Груевски ја испрати “личната благодарност и благодарноста на македонскиот народ до премиерот Харпер и канадската држава, за целосната подршка која оваа пријателска држава ни ја дава на полето на европски и евро-атлантски

интеграции, како и признавањето на нашето уставно име, Република Македонија.”

Пред заминување, премиерот Харпер му врачи на претседателот на “Обединети Македонци”, Драги Стојковски, повелба во чест на 50-годишниот “труд да се збогатат животите на Канаѓаните од македонско потекло, преку информирање на заедницата и прославување на вашето гордо наследство и традиции.” Возврат, како знак на чест кон премиерот и благодарност за признавањето на македонското име, Стојковски му врачи на Харпер релјев со Александар Македонски во една од неговите победоносни битки, додека македонскиот хокејарски тим “Македонски лавови” му врачи на Харпер маица со неговото презиме.

Други говорници беа Мартин Треневски, генералниот конзул на Република Македонија во Торонто и пратениот во македонското Собрание, Влатко Ѓорчев. Исто така, прочитана беше поздравната телеграма од “Сојузот на здруженијата од егејскиот дел на Македонија - Скопје”.

Од Службата за известување на “Обединети Македонци”

---

Организацијата Обединети Македонци во Канада е најстарата македонска национална и културна организација во иселеништвото. Основана 1959 година, со цел да го унапредува единството меѓу Македонците на континентот и ширум светот, без разлика на нивната верска припадност или политичо убедување. Организацијата беше и остана стожер во борбата против сите странски пропаганди кои се стремеа и сеуште се стремат да ги однародат Македонците на Северно-американскиот континент. За повеќе податоци, посетете нé на нашата страна www.unitedmacedonians.org или јавете се на info@unitedmacedonians.org.